Восе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-610
09-04-2015 година
СКОПЈЕ

заведено

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 15-04-2015
02-1614/8, 1595/8

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15 и 20/15), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии и втор циклус едногодишни студии по Географски информациски системи на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии и втор циклус едногодишни студии по Географски информациски системи на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање под нивен бр. 242/4 од 26.02.2015 година до Министерството за образование и наука, (УП1 бр. 14-610 од 27.02.2015 година), за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми на Природно-математичкиот факултет во Скопје, од прв циклус четиригодишни студии-решение за акредитација бр. 12-221/2 од 09.02.2015 година и втор циклус едногодишни студии по Географски информациски системи, решение за акредитација бр. 12-222/2 од 09.02.2015 година, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-610 од 09.03.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 01.04.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-610 од 07.04.2015 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии и втор циклус едногодишни студии по Географски информациски системи на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примачот
-Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Марика Парцанова
одобрил: д-р Агим Рушити